Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

# З А П И С Н И К

од Втората седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество
одржана на 8.5.2025 година

Скопје, мај 2025 година

# З А П И С Н И К

од Втората седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, одржана на 8.5.2025 година

Седницата започна во 11:00 часот.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Никица Кусиникова-Здружение Конект Скопје.

На седницата присуствуваа членовите: Лидија Најдова-Нинevска-Министерство за внатрешни работи, Бојана Босилкова-Министерство за правда, Суеда Бајрами- Министерство за односи меѓу заедниците, Даница Насова Иванова-Министерство за европски прашања, Ангелина Јакимовска-Министерство за финансии, Елизабета Поп-Ангелова-Министерство за економија и труд, Александра Анчева-Министерство за образование и наука, Александра Крстеска Ангеловска-Министерство за социјална политика, демографија и млади, Снежана Ристовска-Министерство за култура и туризам, Оливера Јакшиќ Транталовска-Министерство за дигитална трансформација, Мисрете Едипи-Министерство за животна средина и просторно планирање. Валентина Величковска- Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, Дарко Аврамовски-Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“, Маја Атанасова-Македонско здружение на млади правници- МЗМП, Скопје, Беба Жагар-Институт за европска политика, Скопје, Моника Илиоска Кантарџиоска-Коалиција на младински организации СЕГА, Прилеп, Сузана Стојановска- Здружение на рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа, Скопје, Мартина Станковиќ-Сојуз-Национален совет за родова рамноправност, Скопје, Елизабета Божиновска-ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Скопје, Зоран Димов-Здружение Ромски деловен информативен центар на Македонија, Скопје и Данче Даниловска Бајдевска-Фондација за интернет и општество Метаморфозис, Скопје.

На седницата не присуствуваа членовите на Советот или нивните заменици: Бесник Бајрами или Јелена Арсова-Министерство за здравство, Стефан Вангелски или Александра Куновска-Министерство за локална самоуправа, Емилиа Ѓероска или Рубин Николоски-Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси ПРО Локал Битола и Драгица Вучковиќ или Милорад Вучковиќ-Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор, Битола.

На седницата на Советот присуствуваа и претставници на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Весна Тасевска и Миа Деспотовска од Секторот за анализа на политиките и координација, Сања Савовска и Катица Панзевска Михаилова-Кабинет на генералниот секретар на Владата, Агим Махмути-Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење, а за точка 5 учествуваа и експерти на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ финансиран од Европската унија - Гоце Коцевски и Зоран Илиески.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите за дополнување на дневниот ред од членовите Елизабета Божиновска-ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Скопје и Моника Илиоска Кантарџиоска-Коалиција на младински организации СЕГА, Прилеп, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го утврди следниов:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

- Усвојување на Записникот од Конститутивната седница на Советот, одржана на 7.4.2025 година

1. Номинирање претставници на граѓански организации во советодавни и работни тела на Владата и органите на државна управа, по Јавен повик бр.33-7/1 објавен на 14.4.2025 година
2. Нацрт-Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2025-2028
3. Известување на Мрежата за заштита од дискриминација за институционален притисок и загрозување на безбедноста на граѓанскиот сектор
4. Иницијатива на ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје за отворање на дискусија во рамките на Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанското општество поврзана со сериозен регрес во легислативата за образование во нашата држава
5. Барање на ХЕМА-ОНКО Здружение на пациенти со рак и нивни негуватели за законски измени поврзани со тендерска постапка за набавка на лекови
6. Прашања и предлози

*

*   *

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество едногласно и без забелешки го усвои Записникот од Конститутивната седница, одржана на 7.4.2025 година.

*

*   *

**Точка 1**

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество констатираше дека по Јавниот повик за избор на претставници на здруженија и фондации во советодавни и работни тела на Владата и органите на државна управа бр.33-7/1 објавен на 14.4.2025 година се пристигнати 21 пријава на организации со кандидати, за кои Одделението за соработка со невладини организации изврши административна проверка. Пријавите на Коалицијата на младински организации СЕГА Прилеп и Здружението за лица со ретки болести и попречености Мојот редок свет Прилеп се пристигнати по истекот на рокот и не ги содржат потребните придружни документи.

Изборот на претставници на граѓански организации во советодавните и работни тела на Владата и органите на државна управа Советот го изврши по пат на јавно гласање.

Пријавените кандидати за членови на Националниот совет за развој го добија следниот број на гласови: Лилјана Јоноски од Здружение Рурална коалиција Кичево – 21 глас; Миланчо Арсовски од Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет на општините Велес, Градско и Чашка, Мобилност Велес - 20 гласа; Валентина Дисоска од Здружение на бизнис жени Скопје – 16 гласа и Поликсена Илиоска од Здружение на граѓани за култура и уметност Ан-Блок Скопје – 4 гласа.

Со 21 глас, Советот одлучи во Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата да ги номинира Миша Поповиќ од Институтот за демократија Социетас цивилис Скопје за член и Благоја Пандовски од Здружение Транспаренски Интернешнл-Македонија Скопје за заменик член. Александра Илиева Милчова од Хуманитарна организација за заштита и помош на стари лица Живот и надеж Скопје, Марија Сунчевска од Здружение Транспаренски Интернешнл – Македонија Скопје, Милева Ѓуровска од Европско движење во Република Северна Македонија Скопје имаа забелешки од административната проверка на пријавите и не добија гласови.

Пријавените кандидати за членови на Секторската работна група за локален и регионален развој го добија следниот број на гласови: Борис Шарковски од Фондација за развој на локалната заедница Штип – 17 гласа; Емилија Ѓероска од Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола – 11 гласа; Лилјана Јоноски од Рурална коалиција Кичево – 6 гласа; Поликсена Илиоска од Здружение на граѓани за култура и уметност Ан-Блок Скопје – 3 гласа; Валентина Дисоска од Здружение на бизнис жени Скопје – 1 глас; Јована Јордановска од Здружение Центар за инеркултурен дијалог Куманово, Рубин Николовски од Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола и Мартина Јачевска од Здружение на граѓани ГРИТ Пробиштип не добија гласови.

Пријавените кандидати за членови на Управниот одбор на проектот „Поддршка на системот за обезбедување на квалитет на социјалните услуги" го добија следниот број на гласови: Тони Станковски од Здружение на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност Скопје – 16 гласа; Емилија Мијалова од Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје – 15 гласа; Александра Илиева Милчова од Хуманитарна организација за заштита и помош на стари лица Живот и надеж Скопје – 5 гласа; Миланчо Арсовски од Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет на општините Велес, Градско и Чашка, Мобилност Велес - 2 гласа; Поликсена Илиоска од Здружение на граѓани за култура и уметност Ан-Блок Скопје – 0 гласа; а Невенка Лонгурова Гирова од Фондација за развој на локалната заедница Штип и Валентина Дисоска од Здружение на бизнис жени Скопје имаа забелешки од административната проверка на пријавите и не добија гласови.

Советот констатираше дека кандидатот за член на Секторската комисија за уметност, Славица Јанкова од Македонско здружение за заштита при работа Скопје не ги исполнува условите утврдени со Јавниот повик и предложи повторно да се објави Јавен повик за избор на член на Секторската комисија за уметност.

**Заклучоци:**

1. За претставници на здруженија и фондации во советодавни и работни тела на Владата и органите на државна управа, врз основа на Јавниот повик бр.33-7/1 објавен на 14.4.2025 година и административната проверка на документите од Одделението за соработка со невладини организации, Советот ги номинира:

- Лилјана Јоноски од Здружение Рурална коалиција Кичево, Миланчо Арсовски од Меѓуопштинско здружение на лица со телесен инвалидитет на општините Велес, Градско и Чашка, Мобилност Велес и Валентина Дисоска од Здружение на бизнис жени Скопје, за членови на Националниот совет за развој;

- Миша Поповиќ од Институтот за демократија Социетас цивилис Скопје (за член) и Благоја Пандовски од Здружение Транспаренски Интернешнл-Македонија Скопје (за заменик член) на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата;

- Борис Шарковски од Фондација за развој на локалната заедница Штип и Емилија Ѓероска од Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола за членови на Секторската работна група за локален и регионален развој и

- Тони Станковски од Здружение на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност Скопје (за член) и Емилија Мијалова од Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје (за заменик член) на Управниот одбор на проектот „Поддршка на системот за обезбедување на квалитет на социјалните услуги“ (EC-NEAR/SKP/2024/EA-RP/0009) финансиран од Европската унија.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата повторно да објави Јавен повик за учество на еден претставник на граѓанското општество во Секторската комисија за уметност (претставник на здружение или фондација, кој има завршено високо образование и има најмалку пет години работно искуство во секторот/дејноста Уметност, од кои две години во областа на доживотното учење и квалификации, согласно член 18 од Законот за националната рамка на квалификации).

## Точка 2

Сузана Никодијевиќ-Филиповска ги информираше членовите на Советот за текот на постапката за изработка на Нацрт-Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество со Акциски план 2025-2028, преку јавен повик до граѓанските организации на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk во периодот 11-30.11.2024 година, доставените иницијативи од 9 организации (Македонско здружение на млади правници Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка Скопје, Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ „Заедно посилни“ Скопје, Рурална Коалиција Кичево, Здружение Конект Скопје, Македонско здружение за индустриска хигиена и професионално здравје Скопје, Туристичка асоцијација Охрид Билјана, Здружение на граѓани Бучковица, с.Бродец Чучер Сандево и Здружение на граѓани за заштита на животна средина Екозвон, Скопје), кои беа поканети да учествуваат во работата на работната група, заедно со претставниците на Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за правда, Министерството за европски прашања, Министерството за економија и труд, Министерството за социјална политика, демографија и млади и Министерството за дигитална трансформација. Работната група одржа 2 состаноци (14.3 и 25.4.2025 година) и утврди нацрт-текст на Стратегијата и Акциски план 2025-2028, кој е доставен за информирање на Советот. По

завршување на консултативниот процес преку електронската платформа за консулации ЕНЕР, јавни расправи со граѓански организации со поддршка на Граѓанскиот ресурсен центар и писмени мислења од ресорните министерства, ажурирана верзија ќе биде доставена на мислење до Советот во втората половина на јуни 2025 година.

Согласно Програмата за работа на Владата 2024-2028, визијата на овој стратешки документ е „Поддршка на инклузивен, независен и професионален граѓански сектор, кој е партнер на институциите во креирањето и реализацијата на стратешките цели на државата", а мерките се систематизирани во 2 приоритетни области: Создавање на поволна средина за функционирање и развој на граѓанското општество и Зајакната соработка и партнерство меѓу граѓанските организации и јавните институции, согласно Насоките на Генералниот директорат за со-соседство и преговори за проширување за ЕУ поддршка на граѓанското општество во регионот за проширување 2021-2027.

Данче Даниловска Бајдевска искажа поддршка на предложениот нацрт-текст, но забележа дека мал дел од активностите се предвидени да се реализираат во 2025 година. Воедно препорача да се предвидат дополнителни активности за модел на учество на граѓанските организации во консултативните процеси и за инвестирање во сопствените капацитети на граѓанските организации за дигитализација.

Никица Кусиникова препорача делот 2.5. Финансиска одржливост на граѓанските организации да се дополни со информации за намалувањето на донаторската поддршка поради прекинување на проектите на граѓанските организации финансирани од УСАИД.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го разгледа нацрт-текстот на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2025-2028, како материјал за информирање.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, по завршување на консултативниот процес со граѓанските организации преку Единствениот електронски регистар на прописи ЕНЕР и јавни расправи, Предлог-Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2025-2028 да ја достави на мислење до Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

## Точка 3

Маја Атанасова ги информираше членовите на Советот за Известувањето на Мрежата за заштита од дискриминација за институционален притисок и загрозување на безбедноста на граѓанскиот сектор, при тоа изразувајќи сериозна загриженост за регресивни процеси во областа на антидискриминација и институционална поставеност за заштита на ранливите групи со назначување на Петар Богојевски за директор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност- Еразмус+. Програмата Еразмус+ се стреми кон промоција на еднакви можности и пристапност, инклузија, диверзитет и правичност во сите активности кои ги поддржува. Целта на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност е да работи на промоција и спроведување на европските програми во областа на образованието, обуката, младите и спортот во Република Северна Македонија.

Со остварување на овие програми, Националната агенција придонесува за развојот на заедницата, како општество засновано на напредно знаење, со одржлив економски развој, повеќе и подобри работни места и поголема социјална кохезија, истовремено обезбедувајќи заштита на средината за идните генерации, а особено размена, соработка и мобилност во областа на образованието и обуката и ја зајакнува улогата на доживотното учење во создавање на чувство за европско граѓанство засновано на разбирање и почитување на човековите права и демократијата и охрабрување на толерантноста и почитта кон другите народи и култури. Таа истакна дека ставовите и изјавите на Петар Богојески се спротивни на вредностите кои ги промовираат европските програми како Еразмус+, поради што, Мрежата за заштита од дискриминација, како коалиција од десет граѓански организации кои работат на унапредување на човековите права и еднаквоста, бара повлекување на одлуката за негово именување за директор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Мрежата се обратила и до Владата, но добиле одговор дека директорот се именува од Управниот одбор на Агенцијата.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ја поддржува реакцијата на Мрежата за заштита од дискриминација и изразува загриженост поради ширење на говор на омраза кон граѓански организации од носител на јавна функција.

2. Се задолжува Маја Атанасова, како член на Советот во областа Демократија, промоција и заштита на човековите права и добро владеење, врз основа на известувањето на Мрежата за заштита од дискриминација, да подготви предлог-барање на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество до Управниот одбор на Националната агенција за европски и образовни програми и мобилност за преиспитување на одлуката за именување на Петар Богојески на функцијата директор.

<u>Точка 4</u>

Елизабета Божиновска ги информираше членовите на Советот за Иницијативата на ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје за отворање на дискусија поврзана со сериозен регрес во легислативата за образование во државата. Таа даде осврт на последните измени на Законот за основно образование, Законот за средно образование и Законот за учебници во основно и средно образование, истакнувајќи дека измените го попречуваат пристапот до теми за родова еднаквост, сексуално и репродуктивно здравје и психолошка поддршка и наместо напредок, предизвикуваат регрес во делот на насилство и дискриминација врз децата и пристап до здравствена едукација. Измените се донесени на предлог од група пратеници, по скратена постапка, без јавна расправа и без учество на младинските организации или организации кои работат со млади и се во спротивност со меѓународните документи во областа. Новиот закон на средно образование не ја препознава дискриминацијата како форма на насилство, ниту пак емотивното, психичкото и сексуалното насилство, туку се регулира само физичкото насилство. Членките на мрежата за заштита од дискриминација и Платформата за родова еднаквост, во кои членуваат над 30 граѓански организации кои работат на унапредување на човековите права, заштита од дискриминација и насилство и родова еднаквост имаа реакции до Владата, Собранието и

Претседателката на Република Северна Македонија во кои детално се образложени последиците што овие измените би ги имале врз младите кои се директно засегнати од оваа проблематика.

Моника Илиоска Кантарџиоска ја поддржа потребата од отворање на широка дебата со младите, младинските организации и здравствени организации, кои работат на заштита на правата на маргинализираните заедници, за измените на законите во областа на образованието базирани на докази и наука и во согласност со меѓународните документи за заштита на човекови права, со кои суштински ќе се покаже вистинска грижа за младите.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ја подржува иницијативата за отворање на широка дебата со младите, младинските организации и здравствени организации во врска со влијанието на последните измени на законите во областа на образованието врз дискриминацијата како форма на насилство, пристапот до здравствена едукација за сексуално и репродуктивно здравје на децата и младите и нивна психолошка поддршка.

2. Се задолжуваат Елизабета Божиновска, како член на Советот во областа Заштита на здравјето и Моника Илиоска Кантарџиоска, како член на Советот во областа Образование и младинско учество, да подготват предлог-известување на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество до Министерство за образование и наука за потребата од партиципативно креирање на политиките во областа на образованието, со консултации и активно вклучување на граѓанските организации.

<u>**Точка 5**</u>

Елизабета Божиновска ги информираше членовите на Советот за доставеното барање од страна на ХЕМА-ОНКО Здружение на пациенти со рак и нивни негуватели, за законски измени поврзани со тендерска постапка за набавка на лекови. Таа ја образложи загриженоста на лицата кои се лекуваат од рак од ненавремени набавки на лекови (клиничка листа за лекови), а како пример ја посочи последната неуспешна и ненавремена реализација на постапката за јавна набавка на лекови на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија.

Валентина Величковска информираше дека во јули 2024 година, во просториите на Граѓанскиот ресурсен центар, се одржа консултативна средба на директорот на Фондот за здравствено осигурување со граѓански организации.

**Заклучок:**

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ја поддржува потребата од воспоставување на структуриран дијалог меѓу Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување со граѓанските организации, како механизам за креирање на политики во областа здравство и здравствена заштита, особено кога се работи за животозагрозувачки состојби и иновативни лекови.

## Точка 6

Моника Илиоска Кантарџиоска побара појаснување за улогата на замениците членови на Советот, поради неусогласеност на одредбите на Деловникот за работа Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од декември 2024 година. Воедно препорача известувањата за седниците и активностите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество да се доставуваат електронски до членовите и до замениците членови на Советот, со цел еднакво и навремено информирање.

Бојана Босилкова потсети на потребата да се креира Viber група за информирање за седниците и поефикасна комуникација меѓу членовите на Советот. Воедно, согласно дискусијата од претходните точки од Дневниот ред, укажа на неопходноста Советот да усвои Комуникациска стратегија.

На оваа точка од Дневниот ред присуствуваа и Гоце Коцевски и Зоран Илиевски од проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од Европската унија. Гоце Коцевски информираше за оценката на проектот дека се потребни измени на Деловникот за работа на Советот по прашањата за информирање и вклучување на граѓанските организации, за статусот на замениците членови, судирот на интереси, формирање на тематски работни групи и сл. Препорача Советот да формира работна група за изработка на Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, чија работа може да биде поддржана од проектот, но потребно е Советот врз основа на анализа на потребите да достави барање за видот на поддршката што му е потребна од проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од Европската унија.

**Заклучок:**

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество формира работна група за изработка на Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот, во состав: Никица Кусиникова, Бојана Босилкова, Маја Атанасова, Александра Крстеска Ангеловска, Валентина Величковска, Зоран Димов и Моника Илиоска Кантарџиоска.

2. Се задолжува претседателката на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Никица Кусиникова, преку електронска пошта, да достави барање до проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од Европската унија, за потребна поддршка при изработка на измени и дополнувања на Деловникот за работа на Советот, финализирање на Комуникациската стратегија на Советот и подготовка на Програма за работа на Советот.

Седницата заврши во 14:50 часот.

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество

Никица Кусиникова

ДОСТАВЕНО ДО:

- Лидија Најдова-Нинevska и Гоце Стоиловски- Министерство за внатрешни работи
- Бојана Босилкова и Александра Цветановска - Министерство за правда
- Суеда Бајрами и Егзона Локи - Министерство за односи меѓу заедниците
- Даница Насова Иванова и Флутура Лазами - Министерство за европски прашања
- Ангелина Јакимовска и Оливера Маркоска Ивановски - Министерство за финансии
- Елизабета Поп-Ангелова и Бети Попова - Министерство за економија и труд
- Бесник Бајрами Јелена Арсова - Министерство за здравство
- Весна Виќњевиќ и Александра Анчева - Министерство за образование и наука
- Шпреса Саиди и Александра Крстеска Ангеловска - Министерство за социјална политика, демографија и млади
- Стефан Вангелски и Александра Куновска - Министерство за локална самоуправа
- Снежана Ристовска Ирина Димовска - Министерство за култура и туризам
- Оливера Јакшиќ Транталовска и Марјан Патлиџанковски- Министерство за дигитална трансформација
- Лендита Дика и Мисрете Едипи - Министерство за животна средина и просторно планирање
- Валентина Величковска и Дарко Димов - Македонски центар за меѓународна соработка Скопје
- Дарко Аврамовски и Лејла Тутиќ - Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ Скопје
- Маја Атанасова и Бојана Божиновска Силјановска - Македонско здружение на млади правници-МЗМП Скопје
- Симонида Кацарска и Беба Жагар - Институт за европска политика Скопје
- Никица Кусиникова и Виктор Мирчевски - Здружение Конект Скопје
- Моника Илиоска Кантарџиоска и Томислав Гајтаноски - Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп
- Сузана Стојановска и Ирена Лозана- Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје
- Асиб Зекир и Мартина Иљаз – Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ Скопје
- Теа Зографска и Мартина Станковиќ - Сојуз-Национален совет за родова рамноправност Скопје
- Елизабета Божиноска- ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје и Андреј Сених, Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ- Заедно посилни, Скопје
- Емилиа Ѓероска и Рубин Николоски - Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола
- Зоран Димов- Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија- ЗРДИЦМ Скопје и Ахмет Јашаровски – Центар за ромска заедница ДРОМ Куманово
- Бардил Јашари и Данче Даниловска Бајдевска - Фондација за интернет и општество Метаморфозис Скопје
- Драгица Вучковиќ и Милорад Вучковиќ - Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор Битола